Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 12-2004/1
22-02-2021 20
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# ИЗВЕШТАЈ
## за степенот на реализација на активностите од Планот за работа на Министерството за одбрана за 2020 година

## РЕЗИМЕ

Согласно Планот за работа на Министерството за одбрана за 2020 година и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа, Министерството за одбрана го изработи Годишниот извештај за степенот на реализација на активностите од Годишниот план за работа на Министерството за одбрана за 2020 година.

Во текот на 2020 година, Министерството за одбрана посветено работеше на имлементација на активностите и обврските кои произлегуваат од Годишниот План за работа на Министерството за одбрана за 2020 година.

Годишниот извештај има за цел да даде преглед за степенот на реализација на активностите кои се во согласност со Долгорочните развојни цели на одбраната и исполнување на Стратешките приоритети и приоритетните цели дадени во Годишната Програма за работа на Владата за 2020 година:

- унапредување на националните одбранбени капацитети и способности согласно Стратегискиот одбранбен преглед;
- постигнување на интероперабилност согласно стандардите на НАТО;
- зајакнување на одбранбената дипломатија и соодветно учество со персонал во командата на воената структура на НАТО, како и останатите организации;

- зголемување на способностите и капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународни мисии предводени од НАТО, ЕУ и ООН;
- активно учество во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици.

Иако 2020 година светот ќе ја запамети по здравствената криза предизвикана од пандемијата на корона – вирусот, за Република Северна Македонија беше од посебно значење заради реализацијата на највисоката стратешка цел, членството во НАТО алијансата. Со зачленувањето во НАТО се зголемија и обврските, отпочнаа нови процеси во насока на остварување на заеднички проекти со НАТО. Во таа насока вклучувањето во НАТО процесот на одбранбено планирање донесе низа обврски кои треба да се следат согласно предвидените динамички планови. Во рамките на НАТО процесот на одбранбено планирање (NDPP), во април се одржаа мултилатералните консултации на Република Северна Македонија со НАТО, на кои беше разгледан Извештајот за капацитетите за одбранбено планирање 2019/2020. Документот претставуваше основа за изработка на Нацрт Целите на способности, кои Министерството за одбрана ги доби во август, а беа одобрени од Владата во октомври 2020 година. Во август беа добиени Генеричките Цели на способности, а состанокот се реализираше преку Видео телеконференција (VTC) заради пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД -19.

Со усвојувањето на Стратегијата за одбрана, непосредно пред зачленувањето на Република Северна Македонија во НАТО се идентификувани клучните карактеристики на современото безбедносно опкружување и дадени се насоки за идниот развој на капацитетите и способностите на одбранбениот систем на Република Северна Македонија. Стратегијата меѓу другото има за цел синхронизирање и унапредување на одбранбеното планирање, во согласност со стандардите на НАТО и ЕУ.

Министерството за одбрана направи значаен исчекор во насока на хармонизација на националната легислатива во делот на одбраната, со онаа на НАТО, а во врска со идниот придонес кон операции за колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност, како и воспоставување на национални процедури за распоредување на сили надвор од државните граници. Имено, Собранието на Република Северна Македонија ги донесе Законите за изменување и дополнување на Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата со што се обезбеди правната рамка за учество во операции во рамките на колективната одбрана.

Во делот на Персонал и образование за инвестирање во човечките ресурси интересот за воената професија се зголеми.

Во делот на обуката на цивилниот и воениот персонал во Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата заради пандемијата со вирусот COVID 19 беа откажани поголемиот број од планираните курсеви, вежби и семинари кои требаше да се реализираат во 2020 година (во нашата држава или надвор од државата). Имајќи ги во предвид сите рестриктивни мерки превземени од земјите како резултат на пандемијата COVID 19, приоритетните состаноци се реализираа преку видео телеконференциска врска (VTC), додека другите активности кои беа планирани во странство се редуцирани или одложени за нареден период.

Пандемијата предизвикана од вирусот COVID 19 имаше своја рефлексија во секој сегмент од општествениот живот, првенствено по здравјето на луѓето, но и во одвивањето на работните процеси. Во насока на справувањето со COVID 19, Армијата беше вклучена во поддршка на цивилните институции во делот на обезбедување на болници, објекти од интерес за државта и сл. Дел од персоналот од Воено медицинскиот центар беше вклучен во поддршка на Здравствениот систем на државата.

Како членка на НАТО, за прв пат станавме дел од НАТО Air Policing, што е ексклузивна придобивка за земјите членки на Алијансата, со цел заштита на интегритетот на воздушниот простор на сојузничките држави.

Започна процесот на инвестирање во АП Криволак, во насока истиот да прерасне во НАТО капацитет за обука.

Согласно стратешките определби во 2020 година продолжи придонесот во операцијата на ЕУ во БиХ , ЕУФОР „Алтеа“, мисијата на ОН „УНИФИЛ“ во Либан, во мисијата предводена од НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан, а за прв пат започнавме и со придонес во НАТО мисијата „КФОР“ на Косово.

Како рефлексија од пандемијата беше намален буџетот на сите буџетски корисници, вклучувајќи ја и одбраната. Намалувањето на одбранбениот буџет најмногу се рефлектираше на планираните проекти од планот за Опремување и модернизација кои требаше да започнат во 2020 година, по што истите се одложени за 2021 година.

Годишниот план за работа на Министерството за одбрана беше изработен согласно проекциите на усвоениот буџет за 2020 година и истиот изнесуваше 10.133.000.000 денари или 1,37% од БДП. Следуваа два ребаланси на буџетот заради пандемијата, кои резултираа со намалување на одбранбениот буџет на 8.302.500.000 денари или 1,23% од БДП.

Согласно степенот на реализација, активностите се распределени во три категории и тоа: реализирани, делумно реализирани и нереализирани активности.




ЗАКЛУЧОК

Во 2020 година беа започнати низа значајни процеси на усогласување на националното планирање со НАТО одбранбеното планирање. Беа започнати и низа проекти за реализација на Планот за опремување и модернизација. Но, пандемијата на COVID 19 предизвика одложување на низа активности и проекти, како и намалување на одбранбениот буџет, што во најголема мерка се одрази на опремувањето и модернизацијата. Сето тоа резултираше со слаба општа реализација на активностите од Годишниот План за работа на Министерството за одбрана за 2020 година.

Изразено во проценти реализацијата беше согласно следното:

- Реализирани се вкупно 94 активности или 48% од планираното,
- Делумно реализирани се вкупно 42 активности или 22%, и
- Нереализирани се вкупно 56 активности или 30%. Најголем дел од нереализираните активности се забележува во Програмата Администрација и Програмата Персонал и образование, кои содржат голем број меѓународни активности, а на кои во најголема мерка се одрази пандемијата, како и Програмата Опремување и модернизација.

Како резултат на силната определба за исполнување на обврските од членството во НАТО и почитувањето на принципот на фер распределба на товарот (fair burden sharing), буџетот за одбраната за 2021 година е одобрен согласно

планираното во Долгорочниот План за развој на одбранбените способности. Тоа подразбира дека се одвоени 1,57% од БДП за одбраната, од кои 25,5% за опремување и модернизација. Со тоа, Република Северна Македонија ја исполни обврската кон НАТО за инвестирање на минимум 20% во делот за опремување и модернизација, со определба за достигнување на 2% од БДП за одбраната до 2024 година.

Изработил: Биљана Костадиновска
Контролирал: Кети Ристеска
Согласен: полк. Горан Илиоски
Одобрил: Државен Секретар, Драган Николиќ

**Министерка за одбрана**
**Радмила Шекеринска Јанковска**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр. Nr. 12 - 2004/2
22 -02- 2021 20
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

СЕКТОР ЗА ПОЛИТИКА И ПЛАНИРАЊЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПЛАНОТ ЗА РАБОТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА 2020 ГОДИНА

**Скопје, февруари, 2021 година**

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | **Стратешки приоритет:**Унапредување на националните одбранбени капацитети и способности согласно Стратегискиот Одбранбен Преглед |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | **Приоритетна цел на МО:** Унапредување на капацитетите на Министерството за одбрана за успешно спроведување на планираните задачи |
| **Цел на програмата:** | **Цел:**<br>• Унапредување на работата, зголемување на ефикасноста на внатрешните работни процеси<br>• Зајакнување на одбранбената дипломатија и соодветен придонес со персонал во меѓународните организации |

| | | |
|---|---|---|
| НАЗИВ НА ПРОГРАМАТА:<br>1. АДМИНИСТРАЦИЈА | ПОТПРОГРАМА:<br>1. Законска и стратегиска рамка (изработка на закони, стратегии, планови, програми) | ОДГОВОРЕН:<br>МО |

СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

| **Мерка/ Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво** | **Оценка за напредокот** | **Коментар/Носител** |
|---|---|---|---|
| 1. НАТО процес на одбранбено планирање (билатерални и мултилатерални разговори);<br>- Нацрт пакет на Цели на способности | Реализирана<br>- НАТО процес на одбранбено планирање. | - Во јануари одржани се билатерални разговори на кои се разгледуваше нацрт Прегледот на способности 2019/2020 на РСМ;<br>- Во март и јуни доставени се Информации до Влада за степенот на реализација на обврските кои произлегуваат од НАТО процесот на одбранбено планирање; | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата<br>Доставени информации до Влада во ноември и декември. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - До крајот на 2020 дополнително беа доставени 4 коригендуми за дополнување на податоците доставени со NATO Defence Planning Capability Survey 2019;<br>- Мултилатералните консултации, првично закажани за 30 април, поради КОВИД -19 се презакажани и ќе се одржат на 28 јули 2020 г. преку Видео телеконференција (VTC).<br>- Во август беа добиени Генеричките Цели на способности, кои беа одобрени од Владата. Следеа 4 работилници во рамките на чекор 3 од NDPP кои се одржаа преку VTC. | |
| 2. Извештај за остварени резултати во остварување на стратешките приоритети на МО за 2019 г. | **Реализирана**<br>- Методологија за стратешко планирање и подготвување на ГПР на Влада;<br>- Стратешки документи на МО. | Активноста е реализирана во предвидениот рок. | СПП |
| 3. Предлози за приоритетни цели - Стратешки приоритети на МО за 2021 г. | **Реализирана**<br>- Методологија за стратешко планирање и подготвување на ГПР на | Активноста е реализирана во предвидениот рок. | СПП |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Влада;<br>- Спогодба за стабилизација и асоцијација. | | |
| 4. Изработка на Годишен извештај за реализација на активностите од ГПР на МО за 2019 год. | **Реализирана**<br>- План за работа на МО за 2019 г. | Активноста е реализирана во предвидениот рок. | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата |
| 5. Изработка на шестмесечен извештај за реализација на активностите од ГПР на МО за 2020г. | **Реализирана**<br>- План за работа на МО за 2020г. | Активноста е реализирана во предвидениот рок. | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата |
| 6. Изработка и донесување на ГПР на МО за 2021г. | **Реализирана**<br>- Закон за одбрана;<br>- Правилник за ППБИ. | Активноста е реалзирана во предвидениот рок. | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата |
| 7. Предлог иницијативи на МО за изработка на ГПР на Владата за 2021 г. | **Реализирана**<br>- Годишна програма за работа на Влада;<br>- Стратешки документи на МО. | Активноста е реализирана во предвидениот рок. | СПП/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата |
| 8. Изработка на компаративна анализа на вооружените сили на соседните и другите земји од регионот. | **Нереализирана**<br>- План за работа на МО за 2020. | Активноста ќе се реализира во втора половина на 2021г. | СПП |
| 9. Донесување на Вториот Национален акциски план на Северна Македонија (2020-2022) за Резолуцијата на ООН 1325 за | **Реализирана**<br>- Резолуцијата на ООН 1325 и последователните Резолуции на | Активноста е реализирана во предвидениот рок. | Работна група за родова перспектива |

| | | | |
|---|---|---|---|
| жените, мирот и безбедноста. | Советот за безбедност на СОН;<br>- Донесен НАП за Реолуција 1325. | | |
| 10. Програма за психолошка поддршка за време на циклусот на распоредување-пред, за време и после враќање од мисија. | **Делумно реализирана**<br>- член 44 од Колективниот договор на МО. | Изработена драфт верзија | СЧР/ГШ на Армијата |
| 11. Политика за грижа за психичкото здравје на вработените во одбраната. | **Делумно реализирана**<br>- Колективниот договор на МО. | Изработена драфт верзија. | СЧР/ГШ на Армијата |
| 12. Изработка на План за преземање и распоредување на ПФВ во органите на државната и локалната власт и други државни органи за 2021 година. | Реализирана<br>- Закон за служба во Армијата;<br>- Одобрен План. | Документот е изработен и одобрен. | СЧР/ОП во соработка со ОТ. |
| 13. Изработка на Годишен План за вработување за 2021 година. | **Реализирана**<br>- Закон за вработени во јавниот сектор;<br>- Одобрен План. | Документот е изработен и одобрен | СЧР/СФ |
| 14. Изработка на План за школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализации за потребите на вработените во МО и Армијата за 2021 година. | **Делумно реализирана**<br>- Закон за одбрана;<br>- Закон за служба во Армијата;<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- -Изработен план. | Изработена е драфт верзија на документот и дадена за одобрување. | СЧР |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. Изработка на План за обука на административни службеници во МО за 2021 година. | Делумно реализирана<br><br>- член 58 од Законот за административни службеници<br>- изработен план | Изработена е драфт верзија на документот и дадена за одобрување. | СЧР/соработува со сите сектори во МО и ГШ на Армијата |
| 16. Реализација на План за школување и стручно оспособување и усовршување во Армијата за 2020 година. | Делумно реализирана<br><br>- Закон за служба во Армијата | Активноста поради светската пандемија со COVID 19 се реализира со одредени ограничувања и рестрикции:<br><br>- Прекинато е изучување на англискиот јазик во март, продолжено е изучувањето во септември;<br><br>- Реализација на „Основниот курс за подофицери" во Велес започна со реализација во две групи: прва во декември 2020 г. и втора планирана за во прво тромесечие на 2021 г.<br>- -СО и У во странство, сите активности кои заклучно со 30.04.2020г, беа прекинати и припадниците на Армијата вратени од странство продолжија делумно да се реализираат само во неколку држави,-Моментално има на | ГШ на Армијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | школување 12 припадници на Армијата (ШНО и КША за офицери како и високи школувања за подофицери) кои своето школување го започнале во 2020 г, а истото во услови на ограничувања поради пандемијата ќе го завршат во 2021 г. | |
| 17. Изработка на Предлог план за школување и стручно оспособување и усовршување во Армијата и Преглед на лица на служба во Армијата за школување, стручно оспособување и усовршување за 2021 година. | Реализирана<br><br>- Закон за служба во Армијата. | Со акт број 21-36/76 од 21.05.2020 г, доставени се потребите за школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација во земјата и во странство за 2021/2022 г. за Армијата, како и потребите за специјализирани обуки за воени и цивилни лица на служба во Армијата за 2021 г.<br><br>Доставени се поединечни податоци за потребите на Армијата за 2021/22 за активности (школувања, СО и У, специјализации, курсеви и обуки) во Република Романија, Република Турција, Република Грција, СР Германија, Република | ГШ на Армијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Франција, НАТО школи, Центри за екселенција и Партнерски центри за едукација и обука. | |
| 18. Изработка на План за вежбовни активности за 2021 г. на Армијата. | **Реализирана**<br>- Интероперабилност со НАТО;<br>- Одобрен предлог-план за вежбовни активности за 2021г. | Документот е изработен во предвидениот рок | ГШ на Армијата |
| 19. Изработка на Комуникациска стратегија на МО. | **Реализирана**<br>- Комуникациската стратегија на Владата во тек е нејзино преточување во Политика за комуникации на МО. | Реализирано во форма на План за комуникации на министерството за периодот 2020 – 2024 и претставува појдовна основа за годишни планови | СКАОП<br>Во насока на зголемување на ефикасноста во односите со јвноста документот вклучува елементи кои ја поддржуваат транспарентноста и јавноста на МО со структурирани пораки и клучни публики. |
| 20. Изработка на План за кризна комуникација. | **Нереализирана**<br>- Комуникациска стратегија на МО. | Планот за кризна комуникација треба да произлезе од Политиката за комуникации која е планирано да се изработи во 2021 г. | СКАОП<br>Документот сè уште е во почетна фаза на реализација, заради објективни причини – состојбата со пандемијата го оддолжи процесот на изработка на Политиката за комуникации на Министерството. |
| 21. Изработка на План на архивски знаци. | **Реализирана**<br>- Закон за архивско работење. | Документот е изработен согласно предвидената динамика. | Сектор К4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. Изработка на програма на летачка обука за инструктори на авион со цел унапредување на воздухопловната обука во ЦОП. | **Реализирана**<br><br>- Закон за воздухопловство. | Програмата е изработена во мај 2020 г. | СВВА |
| 23. Изработка и донесување на Стратешки план за извршување на внатрешна ревизија за период 2021-2023 г. | **Делумно реализирана**<br><br>- Донесен, одобрен од министерката за одбрана и доставен во Министерството за финансии;<br>- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;<br>- Закон за одбрана. | Стратешкиот план е изработен и во предвидениот рок доставен до Министерката на одобрување. Предвидена изработка за документот согласно законската регулатива и ГПР за 2020 – најдоцна до 15 декември 2020г. За документот се уште нема добиено одобрение од Министерката | СВР/соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата |
| 24. Изработка и донесување на ГП за извршување на внатрешна ревизија за 2021 г. | **Делумно реализирана**<br><br>- Донесен, одобрен и доставен документ во Министерството за финансии;<br>- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;<br>- Закон за одбрана. | Документот е изработен и во предвидениот рок доставен до министерката за одбрана за добивање одобрение. Предвидена изработка согласно законската регулатива и ГПР за 2020 - најдоцна до 15 декември 2020. За документот се уште нема добиено одобрение од Министерката. | СВР/соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата |
| 25. Изработка на ГП за инспекциски надзор во одбраната за 2021г. | **Реализирана**<br><br>- Согласно одредбите од Законот за одбрана | Документот е изработен согласно член 165 од Законот за одбрана | СИО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - План за работа на МО за 2020 г. | | |
| 26. Донесување на годишна инвестициона програма. | Делумно реализирана<br><br>- Закон за одбрана. | Согласно одобрените средства со Финансискиот план на МО за 2020 г. и Планот за јавни набавки за 2020 г., планирани се 263.000.000 ден. од програма 5Б, а со ребалансот беа скратени 100.000.000 ден. што значи дека во рамките на програмата 5Б располага со 163.000.000 ден. за 2020 г. Во СЛ се доставени 27 реферати за инвестиционо одржување на објекти, инфраструктура, системи и инсталации во МО и ГШ на Армијата, по кои се склучени 11 договори (нз. за одредени реферати има изработено повеќе поединечни договори), со вкупна вредност од 106.382.136 денари, а за 16 реферати, постапките за јавна набавка не се завршени и нема склучено договори. (Од шестмесечен извештај) | СН/соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата |
| 27. Годишни конференции за програмирање. | Делумно реализирана | Дел од активностите се реализирани преку VTC, но дел од нив не се | ГШ на Армијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Правилник и Упатство за ППБИ. | реализирани заради пандемијата со COVID 19. Во делот на реализација на процесот на ППБИ, ГШ на Армијата ги доставува сите потреби поврзани со персоналот до СЧР/МО (како носител на програмата персонал и образование) и до СФ/МО. Поради пандемијата на COVID-19, во процесот на ППБИ, поради мерките на безбедност и заштита на персоналот, не е реализирана Годишна конференција за програмирање, на која СЧР/МО и ГШ на Армијата би ги презентирале пред останатите субјекти потребите поврзани со персоналот. | |
| ПОТПРОГРАМА 2: Планирање и подготовки во одбраната | | | |
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво** | **Оценка за напредокот** | **Коментар/Носител** |
| 1. Ажурирање на документи за Планот за одбрана. | Делумно реализрана<br><br>- Закон за одбрана | Ажурирани се дел од документите за функционирање на органите на државната | СПП |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | власт за работа во воена состојба. | |
| 2. Одржување на објектите предвидени за работа на органите на државната власт во воена состојба. | Реализирана<br>- Закон за одбрана. | Активноста се реализира согласно предвидената динамика во континуитет. | СПП |
| 3. Изработка и донесување на предлог буџет на МО за воена состојба за период од три месеци согласно потребите на МО и Армијата. | Реализирана<br>- Закон за одбрана. | Изработен е Предлог буџетот и доставен до Министерство за финансии. | СПП во соработка со сите сектори и ГШ на Армијата |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Реформа на Министерството за одбрана | | | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво** | **Оценка за напредокот** | **Коментар/Носител** |
| 1. Реорганизација на МО. | **Нереализирана**<br>- Изработка на Функционална анализа и донесување на Правилник за внатрешна организација;<br>- Правилник за систематизација на работни места. | Функционалната анализа е изработена и е во фаза на одобрување од авторитетите. | СЧР<br>Се чека нејзино одобрување од министерката за одбрана, по што треба да се достави на одобрување во МФ и МИОА. |
| **ПОТПРОГРАМА 4:** Меѓународни активности (билатерални, регионални, мултилатерални) | | | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |

| Мерка/Активност | Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво | Оценка за напредокот | Коментар/Носител |
|---|---|---|---|
| 1. Реализација и имплементација на планови, програми, школување, семинари и меѓународни посети во делот на билатералната соработка на МО. | **Делумно реализирана**<br>- Закон за одбрана;<br>- Закон за служба во Армијата;<br>- СОП2018/ДПРОС;<br>- Пакет ПЦ за Северна Македонија;<br>- План за работа на МО за 2019;<br>- Национален план за интеграција;<br>- Програма за продолжување на реформите. | Поради пандемијата со COVID-19, значителен број од активностите беа откажани или одложени за наредна година. Од таа причина и реализацијата согласно планираното е редуцирана. | СМС/СЧР соработува со сите Сектори во МО и ГШ на Армијата |
| 2. Балкански Медицински Наменски Сили, преземање на обврска на Рамковна земја на БМНС. | **Делумно реализирана**<br>- Меѓународна Спогодба за БМНС. | Поради пандемијата предизвикана од вирусот COVID-19, голем дел од планираните активности беа откажани и одложени за 2021 г. | СМС/ГШ на Армијата<br>Превземена командата со БМНС во октомври 2020 г. Обврската како Рамковна земја ќе трае до јуни 2022 г. За наведениот период за потребите на БМНС ќе биде обезбедена потребна опрема и персонал (ОКБН2, персонал и потрошен материјал). |
| 3. Бригада на Југоисточна Европа (SEEBRIG) - преземање на обврската Земја домаќин на SEEBRIG за период 2020 – 2026 г. | **Реализирана**<br>- Договор за формирање на SEEBRIG. | Реновиран е објектот бр.9 во касарната Боро Менков во Куманаово каде што е сместена Командата на СЕЕБРИГ;<br>Формирана е Канцеларија за поддршка на земјата домаќин (согласно Договорот за формирање на СЕЕБРИГ);<br>Во август 2020 г. | СМС во соработка со ДС/СН/ГШ на армијата/Канцеларија на ЗД за поддршка на СЕЕБРИГ.<br>Поради пандемијата градежните активности беа пролонгирани, сепак објектот беше на време подготвен за прифат на персоналот на СЕЕБРИГ. Канцеларијата ја презеде целокупната организација за време на прифатот на персоналот на СЕЕБРИГ, сместувањето, здравственото обезбедување, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | реализирана е преселбата на персоналот и материјалните стредства на СЕЕБРИГ од Лариса во Куманово;<br>Извршена е селекција и избор на персонал од МО на назначените позиции во Командата на СЕЕБРИГ. | посредување и контакт со државните институции и приватните субјекти во Северна Македонија.. |
| 4. Реализација на инспекции од страна на Вооружените сили на држави потписнички на Виенскиот документ 2011[1]:<br>- Пасивна инспекција на специфицирана зона во Северна Македонија (реализација на вкупно 3 инспекции);<br>- Пасивна евалуација (посета за оценување) на единица на Армијата на Северна Македонија нотифицирана во ОБСЕ;<br>- Активна инспекција/евалуација на специфицирана зона/единица (реализација на вкупно 4 инспекции);<br>- Инспекциска посета на воздухопловна база, воена формација и демонстрација на нов тип на главен вооружен систем (реализација на вкупно 3 | **Делумно реализирана**<br>- Одредби од Виенскиот документ 2011. | Планирани беа четири инспекции, реализирана само една инспекција во ВС на БиХ во месец февруари 2020 г., останатите поради пандемијата со COVID 19 не се реализирани. | СМС/во соработка со ГШ на Армијата |

[1] По имплементација на новата систематизација на МО овие активности ќе преминат во надлежност на Армијата.

| | | | |
|---|---|---|---|
| инспекциски посети);<br>- Имплементација на ратификуваните конвенции и договори од областа на контролата на вооружувањето, мало и лесно оружје и оружје за масовно уништување. | | | |
| 5. Годишен состанок на шефови на Верификациски центри (AIAM) согласно одредбите на Виенскиот документ 2011. | Нереализирана<br>- Согласно одредбите на Виенскиот документ 2011. | Активноста е одложена поради справување со пандемијата COVID 19 (ГШ на Армијата). | СМС/во соработка со ГШ на Армијата |
| 6. Глобална размена на воени информации (GEMI/април или мај), (AEMI/дек.) согласно одредбите на Виенскиот документ 2011. | Реализирана<br>- Исполнување на норми согласно Виенскиот документ. | Глобалната размена на воени информации" (GEMI) во месец мај и „Годишната размена на воени информации" (AEMI) во декември се реализирани преку интернет мрежата на OBSE. | СМС/МО во соработка со ГШ на Армијата<br><br>- Навремено доставување на информации како обврска на секоја земја членка на ОБСЕ и потписничка на ВД 2011;<br>- Годишната конференција во Виена не е реализирана поради справување со пандемија COVID 19. |
| 7. Активности од областа на воеността разузнување:<br>- Билатерални експертски средби и размена на искуства;<br>- Регионална соработка (Форум на директори на военото разузнавање во ЈИЕ (SEEMIC);<br>- Мултилатерална соработка (NATO-MIC, BICES и др). | Делумно реализирана<br>- Размена на искуства од областа на воено разузнавање;<br>- Годишен План за билатерална соработка на МО. | Активностите се реализираа согласно предвиденатата динамика, но дел од предвидените билатерални средби не се реализираа поради рестриктивните мерки кои беа на сила предизвикани од COVID 19. | ССВБ и Р |
| 8. Експертски разговори во делот на набавките во областа | Нереализирана<br>- План за билатерална | Активноста е планирана да се реализира во текот на | СЛ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на одбраната и безбедноста, со посебен акцент на Договорите Влада со Влада - G2G. | соработка 2020;<br>- Закон за набавки во одбраната и безбедноста. | 2021 г. | |
| 9. Учество во подготовка на НПАА. П 31. | Реализирана<br>- Членство во ЕУ и придонес во ЗБОП. | Редовно се доставуваат информации за ажуриран придонес кон Поглавјето 31- НБОП (надворешна, безбедносна и одбранбена политика). | СМС соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата/ВА/надворешни институции |
| 10. Градење на административни капацитети од доменот на ЗБОП. | Реализирана<br>- Членство во ЕУ и придонес во ЗБОП. | Во насока на градење на административни капацитети од доменот на ЗБОП, Воената академија на државата стана придружен соработник на мрежата (Associated Network Partner) на Европскиот колеџ за безбедност и одбрана (ESDC), на 18 мај 2020 г., кога беше прифатена апликацијата од страна на управувачкиот комитет на ESDC. | СМС соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата/ВА/надворешни институции<br>Забелешка:<br>Нереализирани планирани активности во 2020 г. како резултат на Ковид 19:<br>- Воената вежба на ЕУ за кризен менаџмент „MILEX 20", која требаше да се одржи во јуни 2020 во Италија;<br>-Програмата за обука за Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) за земјите од ПСА во циклусот обуки во 2020 г;<br>-Иницијативата за воспоставување на Regional strategic Leadership Course (требаше да започне во 2020 г., како прв чекор кон заедничка безбедносна и одбранбена едукација во ЗБ со 3-4 модули, од кои првиот во Виена, а другите модули во земјите од ЗБ. Нашата држава имаше изразено интерес да биде домаќин на еден од модулите во 2020 г.) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. Учество на средби во ЕУ контекст/ЗБОП (министерски, НГШ, политички директори, експертски посети). | **Реализирана**<br>- Членство во ЕУ и придонес во ЗБОП. | На покана од ЕУ, во текот на 2020 г. беше реализирано учество на состаноци на ЕУ со земјите кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ (ЕУ + 8), состаноците на Воениот комитет (ВК) на ЕУ, во формат ВК на ЕУ + 8, учество на Комитетот на Контрибутори во операцијата „Алтеа" и на ЕУ Глобалните конференции за генерирање сили/на сесиите за „Алтеа" и „EUTM RCA", како и учество на координативните конференции за борбените групи на ЕУ. | СМС соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата/ВА/надворешни иснтитуции |
| ПОТПРОГРАМА 5: Активности во НАТО контекст | | | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво** | **Оценка за напредокот** | **Коментар/Носител** |
| 1. Учество во реализација на обврските кои произлегуваат од пристапниот процес за членство на Северна Македонија во НАТО, како и процесот за воено пристапување и интегрирање во НАТО. | **Реализирана**<br>- Стратешки приоритет на Владата;<br>- Закон за одбрана;<br>- СОП; ДПРОС;СПРОС<br>- Програма за продолжување на реформите; | Имајќи ги во предвид сите рестриктивни мерки превземени од земјите како резултат на пандемијата - COVID 19, приоритетните состаноци се реализирани преку видео | СМС соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Национален план за интеграција – НАТО план за поддршка;<br>- Членство во НАТО - 27.03.2020 г. | телеконференциска врска (VTC), додека другите активности кои се планирани во странство се редуцирани или одложени на неопределено време поради наведената причина. | |
| 2. Годишна контрибуција на Република Северна Македонија во заедничкиот буџет на НАТО. | **Реализирана**<br>- Стратешки приоритети на Владата | Активноста се реализира согласно динамиката во НАТО (СМС)<br>Исплатени се сите добиени фактури за контрибуција во заедничкиот буџет на НАТО. (СФ) | СМС/СФ |
| 3. Подготовка и организација на високи средби/состаноци со претставници од НАТО во Република Северна Македонија и странство. | **Реализирана**<br>- Програма за продолжување на реформите;<br>- СОП/ДПРОС/СПРОС;<br>- Национален план за интеграција – НАТО план за поддршка. | Имајќи ги во предвид сите рестриктивни мерки превземени од земјите како резултат на пандемијата - COVID 19, приоритетните состаноци од месец март 2020 г. се реализирани преку видео телеконференциска врска (VTC). | СМС соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата |
| 4. Координација и организација на НАТО/Партнерски работилници, конференции и обуки во Република Северна Македонија . | **Реализирана**<br>- СОП/ ДПРОС/СПРО;<br>- Национален план за интеграција – НАТО план за поддршка;<br>- Програма за продолжување на реформите. | Имајќи ги во предвид сите рестриктивни мерки превземени од земјите како резултат на пандемијата - COVID 19, приоритетните состаноци од месец март 2020 г. се реализирани преку видео телеконференциска врска | СМС соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | (VTC). | |
| 5. Подготовка, упатување и кординација на:<br>- претставници од МО и Армијата на работни позиции во странство (Мисијата при НАТО во Брисел, Канцеларија за врски при SHAPE, Здружена команда за трансформација, како и други НАТО команди.);<br>- национални претставници/експерти на состаноци во соодветните работни тела на на НАТО. | Реализирана/Континуирана<br>- СОП/ДПРОС/СПРОС;<br>- Национален план за интеграција – НАТО план за подршка;<br>- Програма за продолжување на реформите. | Имајќи ги во предвид сите рестриктивни мерки превземени од земјите како резултат на пандемијата - COVID 19:<br>- Во тек е постапка за упатување на две лица во Делегацијата при НАТО во Брисел и едно лице во Канцеларија за врски при SHAPE, К. Белгија. Дополнително во тек е постапка за упатување на едно лице во НАТО командната структура;<br>- Состаноците на националните претставници од месец март 2020 г. доколку НАТО овозможи се реализирани преку видео телеконференциска врска (VTC). | СМС |
| 6. Прием, десиминација, евиденција, следење и заштита на странски класифицирани информации во МО. | Континуирана<br>- Закон за класифицирани информации;<br>- Уредба за административна безбедност на класифицирани информации. | Национални и НАТО<br>Вкупно 1094<br>Еу национални документи<br>Вкупно 68<br>Вкупно документи 1162 | СПП/ССВБи Р/ДБКИ<br><br>Вкупно издадени сертификати во сите категории за цела 2020г. 346 |
| 7. Реализација на втор (Брисел/март) и трет состанок | Реализирана<br>- НАТО самит на шефови на | Активностите се реализирани преку VTC | ГШ на Армијата<br>Работната група за пристапување и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (Скопје/октомври) на работната група за пристапување и Интеграција во НАТО (AIWG). | држави и влади одржан во Брисел на 12.07.2018 г. | поради пандемијата со COVID -19. Вториот состанок на (AIWG) е реализиран на ден 30.04.2020 г., а третиот состанок на (AIWG) на ден 30.06.2020 г. | Интеграција во НАТО (AIWG) се движи во насока да го заврши процесот во предвидениот рок – октомври 2021 г. |
| 8. Годишна Конференција за Пристапување и Интеграција во НАТО (AIC),Скопје. | Реализирана<br>- НАТО самит на шефови на држави и влади одржан во Брисел на 12.07.2018 г. | Активноста се реализираше преку VTC, на која е утврден постигнатиот прогрес, идните препораки и НАТО поддршка во процесот на воено пристапување и интеграција во НАТО. | ГШ на Армијата |
| 9. Учество на работилници (Брисел):<br>- Работилница 1 NDPP чекор 3: „презентација на работна верзија на табелата на сили за MCR- Minimum capability requirement„<br>- Работилница 2 NDPP Презентација за динамично таргетирање на NATO Capability targets" (билатерални-мултилатерални);<br>- Работилница 3 Реализација на динамично таргетирање за NATO Capability targets". | Реализирана<br>- Процес на одбранбено планирање. | Активностите беа препланирани од прва половина на 2020 г. и се реализаа во втора половина на 2020 г. во (сеп/окт.) поради светската пандемија COVID 19. | ГШ на Армијата |
| 10. Реализација на музејска изложба „Северна Македонија 30-та членка на НАТО". | Нереализирана<br>- Закон за одбрана;<br>- План на активности на Воен | По повеќе одржани состаноци во Влада се изработи идејна и | Предвидена изработка согласно ГПР 2020 (февруари)/ Воен музеј соработува со сите сектори во МО/ГШ на Армијата/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | музеј;<br>- Покровителство на Претседателот на Северна Македонија со акт бр. 08-15751 од 23.12.2019г. | изведбена концепција на изложбата која требаше да се реализира во февруари 2020 г. во Домот на Армијата. Поради пандемијата предизвикана со корона вирусот, изложбата е одложена, а нејзината реализација се планира во текот на 2021 г. За потребите на изложбата во Воениот музеј е колекционирана вредна уникатна збирка на документи, предмети и други сведоштва од кои ќе произлезе постојана музејска поставка за патот на државата до членството во НАТО. | ВА/ Државниот архив/ МНР/ Собрание/ Влада/Претседател на државата/ Канцеларија за врски на НАТО во Скопје. |
| 11. Мерки за поврзување со NATINAMDS за интегрирање на Националната воздушна одбрана во системот за воздушна одбрана на НАТО. | **Реализирана**<br>- Договор за користење на софтвер за воздушно набљудување (MASE) меѓу Републиката и Агенцијата на НАТО за комуникации и информации. | Постигната IOC способност. | С-ВВА/ГШ на Армијата |
| 12. Воздушно патролирање-Air Policing во воздушниот простор на Северна Македонија.<br>- Континуирано изведување на активноста<br>- Издавање на diplomatic | **Реализирана/Континуирана**<br>- Склучен договор за ТА за воздушно патролирање со Грција. | Активноста се изведува континуирано. Издаден diplomatic clearmnince за 2021 (во декември 2020) | С-ВВА/ГШ на Амијата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| clearmnince за 2021 (по потреба – во декември 2020) | | | |
| 13. Воспоставување на заштитена комуникација помеѓу НАТО и државата (NS WAN - NATO Secret Wide Area Network). | Реализирана<br>- План за интеграција во НАТО;<br>- Постигната IOC (Initial Operation Capability) способност. | Активноста е реализирана. | СекторК4/ССБиР/СН/СЛ/СП/ГШ на Армијата |
| 14. Имплементирање на НАТО разузнавачко-безбедносни процедури со цел воспоставување интероперативност. | Реализирана/Континуирана<br>- Имплементирање на НАТО разузнавачко-безбедносни процедури по насоки дадени од надлежните национални и НАТО авторитети. | Во изминатата година секторот со свој тим учествување во реализација на Планот за стандардизација во одбраната за 2021 г. Номиниран е наш претставник во НАТО работната група за стандардизација во домен на разузнавањето и безбедноста. | С-СВБиР. |
| 15. НАТО – конференција за информации и комуникатори. | Нереализирана | Реализација на конференцијата – откажана од организаторот поради состојбата со пандемијата. | СКАОП/СМС<br>Активноста се планира да се реализира во 2021 г. |

**ПОТПРОГРАМА 6**: Правна заштита, финансии, ревизија и инспекција

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| Мерка/Активност | Показател на резултат со појдовна основа/постигнато на годишно ниво | Оценка за напредокот | Коментар/Носител |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Уредба за координација на работата, односите и организацијата во дипломатските претставништва, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Северна Македонија. | **Нереализирана**<br>- Закон за одбрана;<br>- Доставена иницијатива до МНР за изменување на Законот за надворешни работи. | Потребно е да се постапи по доставената Иницијатива на МО и да се донесат измени на Законот за надворешни работи, со што ќе се создаде можност за донесување на Уредбата, чиј правен основ е во измените и дополнувањата на Законот за одбрана. Уредбата ја изработува МО, а ја донесува Владата. | СМС/СПР/СПП |
| 2. Предлог одлука за определување на органите на државната управа кои се подготвуваат на остварување на својата функција во воена состојба | **Делумно реализирана**<br>- Закон за одбрана, член 19. | Изработена е Нацрт верзија на Одлуката која е потребно да се достави на натамошно усвојување и постапување (СПП). | СПП/СПР |
| 3. Правилник за распоредувањето на припадниците на Армијата и вработените во МО, надвор од територијата на државата, за учество во хуманитарни и меѓународни операции, НАТО мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност. | **Нереализирана**<br>- Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана („Сл. весник бр. 42/20); | Изработен е текст од ГШ. Истиот е усогласуван на координативен состанок, а потоа по текстот беа доставени писмени мислења до СПР и ГШ, од страна на СПП,СМА и ГШ.(СПР). | СПП/СПР/СМС<br>Правилникот ќе се донесе веднаш по влегување во сила на измените на Законот за одбрана (СМС). |
| 4. Правилник за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата и | **Нереализирана**<br>- Закон за изменување и | За оценката за напредокот податоци имаат СЧР и СМС. (СПР) | СПП/СПР/СМС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| вработените во МО, за упатување на должности во командни структури на НАТО, дипломатски претставништва на Северна Македонија, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на државата и на територијата на државата. | дополнување на Законот за одбрана. | | |
| 5. Правилник за начинот на извршувањето на служба во резервните сили на Армијата. | Нереализирана<br>- Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана. | Изработен е Нацрт Правилник за начинот на извршувањето на служба во резервните сили на Армијата (СЦВС нема доставено нов извештај овој е од шестмесечниот).<br>нема податоци дали се работи за текст од страна на носителот на активноста-СЦВС (СПР) | СЦВС/СЧР/СПР |
| 6. Правилник за остварување на работите од членовите 133, 134 и 135 од Законот за одбрана - разузнавање,контраразузнавање и спречување и откривање на кривични дела во одбраната. | Нереализирана<br>- Закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана. | Од страна на С-СВБиР доставен е предлог до МО за разгледување и ставање во процедура за усвојување на предлог законот за ВСБиР | С-СВБиР/ГШ на АРСМ/СПР<br><br>Со одобрување на МО одпочна изработка на предлог закон за ВСБиР и дополнителни правила и упатства кои подетално ја регулираат работата на С-СВБиР и Секциите J/Г/С/А-2 во Армијата |
| 7. Правилник за стипендирање на лица за критични специјалности, заради поставување на должност во | Делумно реализирана<br>- Закон за изменување и дополнување на Закон за служба во Армијата. | - Изработен е предлог-правилник за стипендирање на лица за критични специјалности заради | ГШ на Армијата/СПР |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Армијата, согласно актот на формација. | | поставување на должност во Армијата согласно со актот на формацијата. Со акт на НГШ на Армијата „ОУ“ број 21-42/71 од 15.04.2020 г. е доставен до КМО/МО на понатамошна постапка, (ГШ на Армијата).<br>Правилникот е усогласен помеѓу ГШ/СПР/КМО и министерката, сè чека одобрување на текстот, за ставање во процедура за негово донесување и објавување во Сл. весник. (СПР). | |
| 8. Правилник за висината на надоместокот на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност. | Реализирана<br>- Закон за изменување и дополнување на законот за служба во Армијата. | Законот е изменет во јануари 2020 г.<br>Активноста е реализирана во октомври 2020г.(СФ) | СФ/СПР/ГШ на Армијата.<br>(СФ) Правилникот од август 2019 г, со измена бр. 01-4551/1 од 22.10.2020 г гласи „Правилник за утврдување на висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни операции, меѓунарни опера-ции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност. |
| 9. Правилник за начинот на работа на комисиите за проверка на физичката способност на лицата на должност во Армијата, во командите и единиците на | Делумно реализирана<br>- Закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата („Сл. весник бр. 14/20). | Изработен е предлог Правилник и доставен до МО на одобрување. (ГШ на Армијата)<br>Во фаза на стручно усогласување помеѓу МО и | ГШ на Армијата/СПР |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Армијата во ранг на баталјон и повисоко, формирани од командантот на единицата. | | ГШ (СПР). | |
| 10. Правилник за начинот на работа на комисијата за проверка на физичката способност за активниот воен персонал на должност во МО и за прием на воен персонал на служба во Армијата, како и за надзор над работата на комисиите формирани во командите и единиците на Армијата, во ранг на баталјон и повисоко. | Делумно реализирана<br>- Закон за изменување к дополнување на Закон заслужба во Армијата. | Изработен е предлог Правилник и доставен до МО на одобрување. | ГШ на Армијата/СПР |
| 11. Изработка на Правилник за организација и ангажирање на тимови за односи со јавноста во рамки на НАТО мисии и операции. | Реализирана<br>- Закон за одбрана. | Правилникот е донесен, во форма: Правилник за организирање на меѓународни курсеви на Регионалниот центар за односи со јавноста во државата и во странство, кој ги вклучува и мобилните медиа тренинг тимови. | СКАОП/СПР<br>Во процесот на изработка, се утврди потреба за промена на називот и фокусот на Правилникот. Истиот е донесен со соодветните измени. |
